**20160100376**

**МАКЕДОНСКА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА МАРнет**

Врз основа на член 10 став 1 алинеја 8 и 9 Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа МАРнет („Службен весник на РМ" број 124/10), Управниот одбор на МАРнет на седницата одржана на ден 27.11.2015 година донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И УПРАВУВАЊЕТО СО ВРВНИОТ МАКЕДОНСКИ .МК ДОМЕН И ВРВНИОТ МАКЕДОНСКИ .МКД ДОМЕН

Член 1

Во членот 15 став 1 алинеја 5 се брише.

Член 2

Во членот 18 по ставот 4 се додава нов став 5 кој гласи:

„Доколку регистрар престане да постои, МАРнет станува регистрар за домените од регистрарот кој престанал да постои. При првата операција со таков домен регистрантот ќе треба да одбере нов регистрар од листата на регистрари.".

Член 3

Членот 37 се менува и гласи:

„Страните се упатуваат настанатите спорови во врска со регистрација на домен да ги решаваат пред надлежен суд."

Член 4

Членот 38 се брише.

Бр. 859/1-04
30 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
проф. д-р **Пеце Митревски**, с.р.